СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 април 1996 година

Скопје, април 1996 година

**44 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26 АПРИЛ 1996 г**

Дискутанти:

1. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ -17, 18, 19, 20
2. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 39
3. КАДРИУ ЗЕЌИР - 8, 10, 17, 35
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 49
5. МАЉИЧИ НАЗМИ - 51
6. ОСМАНИ РУФИ - 32, 39
7.ПЕТКОВСКИ ТИТО -1 .. (води седница)
8. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 21
9. РАМАДАНИ ХИСЕН - 4, 5
10. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 23, 37 и 2
11. ТОДОРОВА СОФИЈА - 4, 16, 47 ( министерка за образов.)
12. ТУДА РАМИ - 42, 46
13. ШАЌИРИ ХИСНИ - 28, 29, 30, 31, 40.

Дневен ред.

Т. 6 - Предлог за дон на З.за изм. на З.за основното образование стр.1

Т. 7 - Предлог за донесув. на З. за измен. на З.за средно образование. стр.41.

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Продолжението на Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 26 април 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го отворам продолжението на Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

За денешната седница на Собранието најавија отсуство следните пратеници и само тие: Симон Наумовски, Кире Видимче, Зоран Крстевски, Борис Костаќев, Ристо Марковски, Александар Гештаковски, Љубомир Чадиковски и Горѓи Атанасов.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Предлагам ние сега да поминеме на 6-та точка поради отсуство на министерот за надворешни работи, што го очекуваме сега, после 12,30 часот да пристигне.

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основно образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски, Извештајот на Комисијата за образование и наука и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени.

I/2.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Томе Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа пратеници, почитувана министерке. Овој предлог на закон беше поставен на една од претходните седници и проценивме дека е добро да го одложиме за една наредна седница, решението на Уставниот суд да биде полноважно и да биде објавено во "Службен весник на Република Македонија". Во меѓувреме тоа е направено и јас ќе укажам само на неколку битни елементи кои се однесуваат на оваа измена на Законот за основно образование.

Со покренатата иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија, јас барав измена на членот од Законот кој се однесува на начинот на водење на педагошката евиденција, тоа е членот 81 став 2, за што Уставниот суд донесе своја конечна одлука на 20 март 1996 година, во која се вели:

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 1(10 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на 20 март 19 96 година донесе Одлука во која се вели: "Се укинува член 81 став 2 од Законот за основно образование, "Службен весник на Република Македонија" број 44 од 1995 година, во делот што гласи - а педагошката евиденција само на јазикот на кој се изведува наставата".

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Тоа значи дека Одлуката на Уставниот суд спрема Уставот е конечна и треба да биде извршна.

По однос на оваа одлука и мојот предлог за измена на Законот во овој дел, свое мислеше даде и Владата на Република Македонија, кое е доставено до сите пратеници на 27 март 1996 година.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25 март 1996 година го разгледа Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за основно образование, со Предлог на за- кон предложен од пратеникот Томислав Стојановски и притоа го утврди следново мислеше:

"Со член 48 став 4 од Уставот на Република Македонија, припадниците на националностите имаат право на настава на свој јазик во основно образование, на начин утврден со Закон.

Врз основа на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, со која се укинува дел од одредбата од член 81 став 2 од Законот за основно образование кој гласи: "а педагошката евиденција само на јазикот на кој се изведува наставата", Владата предлага Собранието да го донесе Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за основно образование, со Предлог на закон, предложен од пратеникот Томислав Стојановски".

Комисијата за образование и наука на своја седница, разгледувајќи го решението на Уставниот суд и оваа одлука, исто така даде поддршка на Законот кој го предложив на една од претходните седници, или конкретно, на 6 февруари 1996 година. Според тоа сметам дека после овие уводни објаснувања, а да ги потсетам колегите пратеници дека се работи за измена само на еден член, чија суштина е и педагошката евиденција, како и педагошката документација во училиштата каде

наставата се изведува на јазикот на националностите и педагошката евиденција да се изведува двојазично, на службениот јазик и на јазикот на кој се изведува наставата. Никакви други измени.

Јас тука повеќе не би сакал да ве замарам, во материјалот точно стои, како што и во Законот, што означува педагошка евиденција, што означува педагошка документација, практично израмнување на овие две битни работи во процесот на образование. Пратениците не би требало да размислуваат поинаку, до толку повеќе што и Одлуката на Уставниот суд треба да биде конечна и извршна.

Ги молам пратениците да дадат поддршка на предложениот Закон за измена во основното образование.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас очекував, после ова излагање на господинот Стојанов- ски дека министерот ќе стане да каже, па после тоа јас би сакал да се изјаснам.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Излегов за да го појаснам ставот на Владата во врска со предложените закони на пратеникот Томислав Стојановски.

Мислењето по предложените закони беше прочитано, но дополнително Владата има друг став кон предложените закони. Еве зошто:

Сосема беше разбирлива потребата,по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд со која се интервенира во член 81 став 2, а што се

однесува на начинот на водењето на педагошката евиденција кога наставата се изведува на јазиците на националностите, се јави потреба од интервенирање во Законот за основно образование, јас би рекла Законот за средно образование, што е наредна точка на дневен ред. Причината беше сосема јасна.

Интервенција на Уставниот суд практично требаше да се применува ставот 1 од овој член кој упатува на потребата, педагошката евиденција и документација да се води на македонски јазик и на кирилично писмо. Се разбира тоа не беше нешто што би било прифатливо, кога станува збор за педагошката евиденција.

Во тој момент кога Владата го даде ова позитивно мислење на предложениот закон од пратеникот Томислав Стојановски, тој предлог беше во процедура. Во меѓувреме допуштете и Владата да има право да го преиспита својот став, како и пратениците, се до усвојувањето на некои закони имаат право да интервенираат со амандмани. Со дополнителни согледувања Владата сметаше дека е можно едно порационално, посоодветно решение и во таа смисла предложени се текстови на измени и дополнувања на Законот за основно и средно образование, што исто така се става на дневен ред на денешната седница. Заради тоа Владата достави ново мислење по овие закони предложени од пратеникот Томислав Стојановски, со кое мислење го искажува својот негативен однос, односно не го поддржува.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Прво сакав да кажам дека можеби преуранета е оваа расправа днес, но ние немаме друг излез, бидејќи постои Предлог за измена на закон и постои Одлука на Уставен суд. Меѓутоа, бидејќи се работи за

едно, би рекол јас, не многу важно прашаше во системот на односите за кои се однесува овој Предлог на закон и таа Уставна одлука, мислам дека не е од битно значење. Тоа е последично дејство на самите односи кои се градат во таа сфера на животот, т.е. образованието, а не сама нејзина причина. Но бидејќи може и од последичните дејствија, погрешни, да се чекори кон самата суштина, односно кон битието на односите во таа сфера, мислам дека е потребно да се интервенира и сега.

Лично мислам дека и предлагачот на Законот, а нека ми биде дозволено и судот кој што судел, има погрешна примена на духот и на словото на Уставот. Он се заснивал само на еден дел од Уставот и на односите што ги гради нашиот уставен систем, а не на целиот Устав и на неговата суштина.

Делот на Законот кој се напаѓа, не спаѓа во делот на статусот на јазичното прашање, односно на статусот на јазикот. Тоа спаѓа во делот на правата на јазикот во наставата, а тоа се сосема различни категории и сосема различни делови во кои Уставот го определува нашиот политички нормативен и правен систем. Според тоа, по ова би произлегло дека не важи членот 48 за правото на јазиците на националностите наставата да се изведува во основното и средно образование, надвор од подрачјата каде што се малцинствата мнозинство, односно поголем дел, согласно член 7, став 2 и 3 од Уставот. Ако се нема целината на Уставот, почнувајќи од преамбулата за рамноправноста на луѓето во оваа Република, до општите начела за општите човечки права и членот 4 8 каде тоа право е таксативно уредено. Според тоа, евиденцијата во училиштата, како што и во Законот е запишано, тоа се само работни белешки за самиот работен процес, а не обратно. Па според тоа во училиштето статусот на јазикот е наставата, а не бележењето како се врши настава. Нека ми дозволат предлагачите, да имам право јас да

размислувам, да не е целта, ова друго. Затоа не можам такво решение да прифатам, зошто оваа Република за таа сфера има веќе 40 и 50 годишно искуство, односно традиција.

Второ, сепак е голема разлика помеѓу двата видови на процеси на бележењето на наставниот процес во самата наставна работа. Се знае и Законот точно определува што се документите, а што евиденцијата. За документите мислам немаме спор и нема што да разговараме. Меѓутоа, со ова јас ви кажав само еден процес на бележење на работниот процес. Овде и минатиот пат кажавме, сходно на тоа и оној кој предава француски, латински англиски и тн., сето треба да се воведе на двата јазици. Никогаш тоа не е употребено. За среќа и јас 10 години сум бил учител и тоа во многу далечните години, нека- де измеѓу 50-та и 60-та година и ниту еднаш не сум запишал ни еден час на друг јазик, освен на албански. Никогаш за тоа не станало збор и ќе беше чудо невидено тоа тогаш да се спомне, како да е тоа статус на официјалноста на јазикот, бидејќи и тогаш беше македонскиот официјален јазик, ниту да е тоа статус на популациите и тн.

Сакам да кажам дека вакво инсистирање на една многу ситна работа, но која е политички толку сензибилизирана, мислам дека се свесни сите кои учествуваат во ова, бидејќи четири години се работи на тоа, како да е тоа голема работа а мислам дека не е. Целата целина беше да се зацврсти концептот во Македонија, дека наставата може да се изведува и на јазиците на малцинствата, а така да се тоа евидентира, бидејќи е тоа природен процес.

Тоа што сега Владата го предлага, бидејќи Уставниот суд е неприкосновен за опсуда на уставноста, јас тука не навлегувам, иако тврдам дека материјално Уставот тука е оштетен, бидејќи тоа во целост не е земено предвид. Мислам дека ова решение е еден преоден период

што е некој вид бајпас, да кажеме, на оваа состојба, која, можам да кажам, може да предизвика многу незадоволство, што не би с кал да се случи и би бил за тоа, тоа решение, еве условно да кажам и јас и привремено, затоа што мислам дека и таа одредба на Уставниот суд натаму, заедно со законските проекти што !се ги донесеме, треба и натаму да се стави во контекстот на целокупниот дух и слово на Уставот.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господо пратеници, редно е за промената на овој закон да дадеме малку поопширно образложение, не заради тоа што тој закон беше донесен пред една година, некаде во јули минатата година беше донесен како комплетен Закон за основно и средно образование. Меѓутоа, по иницијатива на пратеникот Томислав Стојановски, после, божем, по иницијатива на Уставниот суд, сега да се променат некои работи што по мое мислеше се многу битни и мислам дека до крај го иритираат наставникот албанец кој долго време работи на оваа работа.

Јас имам едно долго искуство во образованието и секогаш со овие проблеми по малку сме имале судири, но сега во последно време, наместо некои работи да се стабилизираат, напротив тука, ас би рекол се продлабочува јазот и на некој начин сме ставени во една неповолна положба. Јас во интерес на тоа што сакам да дадам едно пошироко објаснување, ќе инсистирам да кажам некои работи кои се во интерес на оваа гранка, а ќе кажам и некои работи, кои според мене се сосема тенденциозни и од одредени луѓе се иницираат, без разлика што ги знам и нивните поранешни иницијативи, ги знам и нивните поранешни работи и нивните, да кажам катастрофи што ги направил во тие училишта каде што работел и ден денес место да правиме  едно сожителство ние

напротив инсистираме да запалиме нови огнови што во моментот не ни требаат. Нашата просвета денес треба да се усовршува во други домени, треба да се оди кон некои промени што светот сега ги држи, некои промени кои нормално ќе придонесат, не- кои промени што и времето ги сака, напротив ние се враќаме во една друга фаза, во една фаза од, да речеме пред 10 или 15 години, што по мое мислење многу се лоши и ќе не наведат во некои матни води, што ќе не можеме после да излеземе.

Нешто во врска со водењето на педагошката евиденција и документација, што и претходниот дискутант сакаше да ни каже, што е педагошка евиденција, а што е документација. Сите ние сме свесни и знаеме што е и тоа никогаш не може да се спореди, без разлика, а само некој што малку работел или воопшто не знае што е тоа, може да ги спореди, како што ги споредуваше.

Водењето) на педагошката евиденција и документација во основното и средно образование, откако постои образовниот систем во Македонија, секогаш било регулирано со закон, од кој после се произлезени разните подзаконски акти кои попрецизно ја регулирале оваа проблематика.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:** (Продолжение)

Ова е прв пат во историјата на образованието во Македонија прашањето на водењето на педагошката евиденција од законско решение прифатливо од сите да се деградира во прашање кое е навистина исклучиво во надлежност на министерот за образование. Во блиското минато па и порано, во зависност од општата демократија во општествениот поредок, прашањето на водењето на педагошката евиденција и документација како законско решение беше решено некогаш и правилно, но почесто неправилно, на уште на наставниците и просветарите Албанци. Така со законите од 1980 година, тој што работел во тоа време сигурно знае дека педагошката евиденција и документација и наставата во училиштата на македонски јазик, педагошката евиденција и документација се водеше на јазикот на кои се изведуваше и наставата. Тогаш наставниците Албанци воделе и педагошка документација и педагошка евиденција, исклучиво на албански јазик. Ваквата законска реалност не ја сруши државата ниту на некому наштетуваше. Наспротив, и ден денеска наставниците албанци со пиетет зборуваат за тие закони и решенија и не без факти, таквите тогашни законски решенија наставниците албанци ги правеа навистина рамноправни со нивните колеги македонци кои исто така работеле во образованието. Постоеше политика и работна рамноправност во сферата на водењето на педагошката евиденција и документација. Меѓутоа, што стана подоцна - законските решенија од осмата декада со кои се заменуваат претходните, водењето на педагошката евиденција и документација се регулираат врз основа на државен унитаризам. Ваквите закони и подзконски акти, наставникот албанец како и другите немакедонци ги принудува да водат педагошка евиденција  и документација само на

македонски јазик, што значи јазикот на државата.

Овој период е на општа дискриминација на албанците во прв ред, па и на другите немакедонци да кажам. И на ваквата дискриминација со право тогаш се противставуваа наставниците албанци со водењето на педагошката евиденција и документација, сосема на јазикот на кои се изведува наставата, бидејќи ова дејство произлегува од природата на образованието на албанскиот јазик.

И уште еден краток коментар во врска со ова. Ние сме сите сведоци дека овој ваков и сличен закон беше донесен 1990 година и тој закон беше на сила и сите сме сведоци дека тој закон не се почитуваше токму од страна на наставниците албанци бидејќи се ценеше како закон кои навистина им нанесува штета и се прави дупла работа која што всушност го нема тоа што се сака а се потенцира од некого.

Во овој период датираат и првите масовни казнувања на наставниците албанци што ќе остане неизбришлива флека на системот на образованието во Македонија и можеби единствен случај во светот кои навистина без преседан така беше. Да се казнат сите наставници од еден народ, оваа практика започнуваше со дополнувањето на законот за предучилишно и основно образование и воспитание на Законот аз насочено образование од 1989 година и продолжува и во времето на нашиот демократски плурализам, да го наречам. Масовното казнуваше на наставниците албанци само затоа што тие воделе педагошка евиденција и документација на нивниот мајчин јази, природен јазик на кој се изведува наставата, за жал ќе остане како заштитен знак по кои ќе се препознава системот на образованието и самата кревка, млада

македонска самостојна држава после 1990 година. Со крпењето на постоечките закони по 1990 година, водењето на педагошката евиденција и документација во образованието на немакедонците, т.е. на албанците, турците и другите треба да биде на македонски јазик и на јазикот на кои се изведува наставата. Со ваквите законски решенија се прави политика и работна дискриминација на наставниците албанци и другите немакедонци. Наставникот албанец, наместо да запишува во главната книга и во дневникот на пример 34 ученика, на два јазика ќе пишува 68 или пак кога ја евидентира наставата, деновите 180 дена што се работни, тој треба нормално за тоа да прави дупла работа, значи 360 дена. Таа дупла работа не се наградува и не се наплатува повеќе а треба да ја води како обврска. Треба да констатираме дали е тоа логично или не, или како пратеници дали уште понатаму ќе толерираме некои работи што навистина не одат во интерес и на државата и на сите нас што живееме овде.

Оттука пак произлегува дека покажаната законска непослушност, тогашна на наставниците албанци била оправдана иако за тоа пак биле масовно казнети и во една голема мерка и иритирани. Законот за основното и за средното образование усвоени од ова законодавно тело некаде во септември 1995 година со големи маки ние знаеме сите како тогаш беше и после тоа беа прифатени до некаде и некои работи на кои што ние инсистиравме во форма на амандмани да ги ублажиме, но меѓутоа, пак како такви тие минаа. Во нив е дефинирана дадената педагошка документација и евиденција што е многу важна. Првата се води на која се изведува наставата, а педагошката евиденција и понатаму опстанува да се води на македонски јазик и на јазикот на кој се

изведува наставата. Тука пак за наставниците албанци е присутна дискриминација и политика, да речам и работна рака што им се дуплира бидејќи тие пак се принудени во некои случаи да дават и образложение за тие работи што ги прават и не ги прават. Благодарение на попуштањето на наставниците албанци, да не се заборави улогата на политичките субјекти на албанците во Македонија, овие законски одредби доследно се преведуваат. Меѓутоа сега треба да ни биде јасно дека овде и на сите и на конкретно на партнерите на коалицијата што на некој начин сакаат да аргументираат дека со оваа работа ништо всушност нема да се промени. Јас им кажувам дека суштински овде има многу нешта што треба да се променат. И токму во овој момент кога во образовниот систем на Македонија треба да се изнајдат законски решенија за прашањата за капитално значење на образованието на албанците, пак се враќаме назад за законите за основно и средно образование и тука под диктат на Уставниот суд. Значи треба да се вршат измени во законските одредби што го регулираат водењето на педагошката евиденција и документација. Значи измените се изнудени од потребата овие потреби да се донесат во согласност со Уставот. Треба да се изменат одредбите од законот според кои педагошката евиденција се води на албански јазик дека ваквото законско решение не било во согласност и со Уставот. Практично имаме една ситуација за која вреди да има и научни толкувања. Тие научни толкувања мислам дека надлежните, конкретно Министерството за образование да ги прави и да не дозволуваат да дојде до ваква ситуација која ќе не доведе во положба што нема да биде еднаква за сите.

II/5

Тука фактички имаме ситуација каде треба да се толкува едно практично решение преточено во законската одредба што се прифаќа од сите и што доследно се спроведува без на некого да се наштети, а Уставот го укинува како неуставно. Јас тука ве прашувам г-да какво може да биде тој Устав кој не ги трпи практичните решенија, конкретно во случајот кога се работи за педагошката евиденција и документација. И дали е тој закон прифатлив конкретно за сите народи и народности што живеат овде. Дали сега со оваа практика кога расправаме за уставот и наведените законски одредби дали не доаѓа и рефлексивното прашање колку во РМ е Устав и на Албанците што живеат во Македонија. Дали уште еднаш не доаѓаме до констатација дека сегашниот Устав наместо подеднаков ред и поредок да има за сите, за македонците во оваа држава, пред се за албанците, значи произведува неред, по мое мислење ќе го кажам и немир. Ако исправноста на едед подзаконски акт се мери со законитост, ако е исправност на еден закон или законска одредба како во денешниов конкретен случај се мери со уставноста, јас ве прашувам г-да пратеници со што треба да се мери исправноста на овој наш Устав кога тој ги укинува и најобичните законски решенија што се прифатени од Албанците, а како такви на никого не наштетуваат.

Ако исправноста на Уставот се мери колку ја изразува волјата на народот односно колку е тој народен, трогаш и во ова прилика уште еднаш за жал може гласно да констатирам дека овој Устав за Албанците во Македонија е ненароден.

Постапката на Владата по одлуката на Уставниот суд во врска со измените на Законот за основно и средно образование, е посебно поглавје. Предложени се законски измени доставени од страна на Владата до ова законодавно тело за усвојување гарантираат некое решение што ќе го има имунитетот на партиските превирања во Македонија. Наиме. се предлага водење на педагошката евиденција и документација во основно и средно образование да биде регулирано со подзаонски акти и без тоа претходно да биде регулирано со закон. па се прашувам зависно од интелектуалната и стручната ширина на министрите и нивните политички убедувања, како и партиска припадност и др., како може да биде регулирано водењето на педагошката евиденција и документација со подзаконски акти и дали тие решенија што ќе бидат донесени секогаш ќе бидат практични и прифатени од сите без да оштетат некого.

јас мислам дека, сосема на крај, би требало да го додадам и тоа дека главниот генератор за сите овие кризи не само овде, туку и во другите сфери на живеење е Уставот на РМ. Ако е тој Устав донесен, како што беше, ние сега имајќи ги предвид сите овие услови, имајќи ги предвид и сегашните недоразбирања со кои се соочуваме, треба паметно да ги надминеме, а ако не тогаш произлегува дека ние навистина ги толерираме и ги продлабочуваме присутните проблеми, свесно и едноставно не сакаме да надвладее натамошниот мир кој како таков гледаме може многу тешко да се зачува. И наместо во сферата на образованието, уште еднаш ќе го додавам и ова, да правиме чекори кои ќе не водат кон цивилизираниот свет, и усовршување на формите и методите по практични и научни, ние наспротив се занимаваме, ќе кажам

со жалење, со некои работи што се примитивни, работи што не враќаат назад што не враќаат многу далеку далеку. Веројатно дека ниту заеднички ниту поединечно нема д добиеме, туку ќе изгубиме уште еднаш.

И уште еднаш сосема за крај, го повикувам овој аудиториум и надлежното министерство за овие работи малку поконкретно да ги гледаме. Според мое мислеше не би требало да се променат и ако се променат, јас мислам дека без разлика каква одлука ќе се донесе овде, во практика тоа нема да се практикува и спроведува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

За да знам и за односот на Владата по однос на оваа работа, дали се расправа за Уставот, за одлуката на Уставниот суд, за предлогот на пратеникот Томислав Стојановски или за предлогот на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За предлогот на Томислав Стојановски.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

И затоа да с оградиме и да се ограничиме на тоа, ве молам, ако се расправа за предлогот на Владата би сакала и јас да дополнам и да размислам, а за одлуката на Уставниот суд Владата, а верувам и Парламентот ниту може да оценува, ниту може да оспорува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако.

Има збор г-динот Туда. (Се откажува)

Бара збор г-динот Кадриу за реплика.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа пратеници, јас мислам дека јас дискутирав во врска со предложните измени на законот за основно и средно образование на пратеникот Томислав Стојановски. Меѓутоа, исто е и тоа што од страна на Владата е дадена една верзија слична на оваа што се предложи, и нормално дека тоа важи и за тоа. Моментално јас дискутирав за тоа, меѓутоа нема ништо променето и тоа што го предложи Владата на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа ќе расправаме дополнително, ве молам. Има збор г-динот Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседател,. почитувани дами и господа пратеници, почитуван минситерке, јас жалам што и овој пат мораме да расправаме за овие чувствителни закони. Жалам што овие чувствителни закони се ставаат како иницијативи за расправа и пред Уставниот суд, а многу цинично е тоа и што се прифаќа од истиот суд. Ова покажува дека се уште нема ништо од тоа што се нарекува независно судство во една правна држава. Значи, тука имаме политички суд. Дали се уште има

потреба на овој Парламент да му кажуваме дека Македонија е национално плурална земја, културно плурална и јазично плурална. Ова значи реалност,""што не треба секогаш да се докажува.

Поаѓајќи од ова, а и од некои националистички опцесии што ги застапува некој пратеник или неколку пратеници се смешни и неприфатливи. Таквите опцесии се косат токму со природата на плурализмот, било на политичкиот, културниот и јазичниот плурализам. И затоа е многу излишно секој пат во секоја прилика, во секоја иницијатива да ги толкуваме или да ги објаснуваме истите нешта, истите прашања кои се разбираат, веќе се толкуваат и начелно се прифатнеи.

Парламентот г-да пратеници не можеме да го претвориме во политика школа или не некојси курс. А што се однесува, штом сум веќе тука до предлогот на Владата на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тој предлог подоцна ќе расправаме.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Добро, тука има нешто што е заедничко, а после ќе се јават за исти работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, може одеднаш, меѓутоа, деловнички имаме обврска да расправаме точка по точка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Има заедничко нешто, и кратко ќе кажам. Што се однесува до предлогот на Владата за законите за основното и средното образование, и посебно кај овие делови каде што порано беше регулирано на правото на употребата на јазиците на националностите, но меѓу другото и педагошката евиденција сметам дека еден многу циничен трик. Имено, се предлага овој дел да се регулира со подзаконски акт, значи да не минува низ парламентарна процедура, па можеби и низ владинас процедура, и трае колку што трае мандатот на една влада. Циничен е затоа што ваквите чувствителни прашања кој што треба да се решат трајно и на праведен начин, со подзаконски акт може да се регулираат само привремено и половично. А овие прашања не се прашања за подзаконски акти, туку уставни и законски.

**АБДУЉДЦИ ВЕЈСЕЛИ:** (Продолжение)

Овие се многу чувствителни прашања од чие решавање зависи меѓуетничката хармонија, значи воедно се и конфликтуозни прашања за чие праведно решавање се уште немаме целосен консензус или се уште не постои политичка волја за нивно решавање така како што треба.

Сепак чинам дека со овој став решавањето на овие прашања само се одложува за недогледно време, за да се смират одделни духови и потоа пак да се актуелизираат во други форми. Лично сметам дека не би требало ова да го прифатиме како метод на работа. Значи, не би требало да прибегнеме кон ваквите солуции оти јазичните, културните односно целиот корпус на националните права во една многу национална држава како што е нашата држава треба да биде многу јасно, прецизно елабориран и имплементиран во самиот текст на законот.

Ако некоја влада ваквите еуфенизми и трикови ги смета за начин на надмудрување на политичкиот партнер и ги прикажува како знак на добра волја, толеранција, за да прибере поени кај другата страна, некоја друга влада пак ќе се обиде да прибере поени за укинување токму на овие еуфенизми без трикови и така големи губитници од тоа излегуваат само националностите.

На Владата треба да им биде јасно дека немаме таква претерана добра волја да бидеме секогаш губитници, па ни големи губитници, ниту пак големи наивци, за да ги толерираме стално тие еуфенизми и трикови. Ова затоа што нашата поддршка, конкретно мојата поддршка на оваа Влада оваа Влада ја доби сметајќи дека покажува поизразена чувствителност да го прифаќа мултиетнизмот како предизвик и практика, а не хегемонијата на едната мнозинска група, доколку се оди еднострано само може да се удоволува на едната страна, тогаш мислам дека ова не води никаде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве потсетувам, расправаме за предлогот за донесување на закон за измена на Законот за основно образование на господин Стојановски.

Ве молам, за тоа да расправаме. За овие другите прашања подоцна.

Господин Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана министерка, мислам дека се наоѓаме во малку деликатна ситуација, од две причини. Прво, Собранието на РМ со својот концепт за уредувањето на меѓунационалните односи во државата и со својот концепт во сферата на образование во изминатите неколку години и поради една своја политика која без разлика како може во овој момент да се оценува, дури мислам; и од дискутантите на оние кои во одредени моменти не ја прифаќаат таквата политика сега се покажува дека на некој начин ја поддржуваат, досега вградената политика. Таа политика, се разбира се состои од многу камчиња кои го градат мозаикот, некој поважни некој поневажни.

Сега се наоѓаме во позиција да структурата и концепцијата на таа политика заради извесни, условно да кажам, несогласувања и подобро извесни разлики во видувањата помеѓу ова Собрание и Уставниот суд се воведува потпрашање дел од таа политика во оваа сфера и се разбира јас се сложувам со госпоѓата Софија Тодорова, госпоѓата министерка дека е малку непријатно и секако е непријатно ние како пратеници да дискутираме за одлуката на Уставниот суд. Ние тоа можеме да го правиме како припадници на политички партии, да даваме свои политички оценки, меѓутоа не како пратеници од оваа говорница затоа што има сепак некои други односи воспоставени со Уставот во оваа држава. Тоа треба да го прифатиме како акт кој сега веќе е донесен и

што понатаму со него да правиме.

Од тој аспект мислам дека> втората работа во која сме навлезени е невозможноста, расправајќи го овој закон, невозможноста да изнајдеме решение како Собранието да остане во еден дел во рамки на својата утврдена политика на оваа сфера,а од друга страна исто така да не бидеме во спротивност, контрадикторност со она што е одлука на Уставниот суд, и се разбира тука мора да се бара решение, да ја задржи својата политика на некој начин, да не доаѓа во судар со Законот, со одлуките на Уставниот суд кој го толкува Уставот односно да не доаѓа во судир со Уставот.

Со оглед дека имам впечаток дека во Собранието и во овој момент нема големи разлики, нема големи разлики по повод начинот на кој треба да се уредат односите кои се на расправа денес односно мислам дека немаме големи политички разлики во Парламентот околу тоа како треба да се води педагошката евиденција и документација, меѓутоа треба да најдеме некакви посуптилни решенија кои ќе ги задоволат нормите и на Уставот и она што Уставниот суд го толкува во рамки на Уставот.

Од тој аспект мислам дека би било целисходно за Собранието во овој момент расправајќи по овој закон, кој е сега на дневен ред, јас се извинувам ако навлезам во другиот закон само заради потребата да го толкувам ова прашање на дневен ред, мислам дека би било целисходно за Собранието, за сите пратенички групи едноставно овој закон согласно со мислењата на Владата не го прифатиме, а да размислуваме во концепцијата која ја нуди Владата, која е малку поразлична, меѓутоа да не го испуштиме од вид прашањето по кое имаме постигнато консензус во Парламентот или ако не консензус тогаш огромна политичка

концентрација на волја на најголем дел на пратениците и тоа да не не измести од потребата да го задржиме тоа некако, а само да најдеме начин како тоа да биде во рамки на актите кои ги носи Собранието, значи законите во овој момент и дали тоа може некако поинаку да се спроведе. Од тој аспект мислам дека треба да ја задржиме политиката, треба да најдеме начин како таа да ја оствариме низ актите кои ги носи ова Собрание. Ако е така, тогаш мислам дека овој закон треба да не добие поддршка за со цел да отвориме простор со недонесувањето на овој закон, пет минути подоцна да разговараме за истата проблематика за еден друг закон ко;ј го нуди Владата, кој по мој впечаток нуди простор Собранието да не ја напушти својата концепција во оваа сфера.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пред се, би сакал да укажам дека ние како пратеници, како највисока законодавна власт не треба да ни биде сеедно какви закони донесуваме и дали Уставниот суд потоа тие закони не ги поништува. За мене ќе биде депласирано нашето работење тука, ако толкав голем број на закони Уставниот суд ги укинува или ги оспорува. Тоа значи дека ние практично работиме незаконски и не ја заслужуваме таа улога и тоа име дека сме највисок законодавен дом во државата. Политичките договарања што се неминовни и нормални сигурно дека биле база и при донесувањето на Уставот и на законите. Ние сега тука да го толкуваме Уставот, да ги оспоруваме неговите одлуки, па дури и да употребуваме одредени епитети во смисла на цинично и друго, за мене се навреда бидејќи тоа е Устав на една самостојна држава, устав на РМ и не дозволувам да во овој дом провејува едно такво понижување и на некој начин дури игнорирање на одлуките на Уставниот суд.

III/5

Тогаш дајте да отворине денеска расправа да поставиме точка на дневен ред дали има потреба оваа држава од Уставен суд, ако ние вака се однесуваме опортуно и практично неодговорно. Зошто ние да имаме Уставен суд во државата се прашувам и дали демократска држава е онаа која што нема Уставен суд или напротив Уставниот суд е еден до столбовите на демократијата во една држава. Точно, ова второто. Уставниот суд е тој кој што е коректор, кој што практично е единствено повикан и има право да донесува конечно извршни одлуки кои што се однесуваат на Уставот на РМ. Уставот, тој што го имаме каков таков е подлога за сите наши ангажирања тука и на донесување на сите закони, подзаконски акти и сето тоа мора да биде концентрирално кон она што го викаме врвот, а тоа е Уставот на РМ. Тоа е едната работа.

Втората работа не прифаќам лични обраќања, на враќања и слично затоа што јас никаде во овој предлог на законот не именував националност, не именував личности, не давав примери од лошото или добро водење на педагошка евиденција или документација. Меѓутоа, господо, водењето на педагошка евиденција и документација господо не е неважна работа како што рекол некој, некои ја проценија како многу важна, водењето на педагошка евиденција е толку важно колку што е потребно, а потребно е од повеќе причини.

Ако педагошката документација ја издаваме на службениот македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот на кој што се изведува наставата се поставува прашање врз база на која евиденција оваа документација се издава. Сигурно дека документацијата, педагошката документација е едно. финале, еден краен производ на она што значи водење педагошка евиденција. За да се дојде до тие документи што значат педагошка документација значи дека треба да се води совесно, перманентно и квалитетно евиденција за се она што се случувало во

основното училиште и се разбира средното училиште. Не е сеедно дали во дневникот за работа на училиштето, во класниот дневник, во глобалните планови, во дневната подготовка, во записниците од завршни испити, во записниците од наставнички и класни совети, во записниците од родителски средби дали се тоа ќе биде внесено и како.

Јас морам да укажам дека етикетирањата и замерките дека се потценува некој јазик не држат, затоа што со овој закон не се елиминира јазикот на кој што се води наставата. Само се додава да покрај тој јазик, нормално, заедно оди и службениот јазик на државата што е вградено во членот 7 од Уставот. Ова не е така едноставна работа затоа што не е сеедно што ќе внесуваме во дневникот, што ќе се забележува, дали може секој да изврши контрола на таа работа,дали сега ова подразбира дека во тие училишта каде што еден мал дел на настава се обавува на јазикот на националностите по природата на нештата и по постоечкиот закон директорот, инспекторот, шефот на отсекот сите тие и републички да речеме институции треба да бидат од редот на националноста за да можат таа контрола да ја обават совесно и квалитетно. Дотолку повеќе, да се разбереме, ние дадовме огромни права, но тоа значи задолженија на директорите. Имавме веќе еден таков случај деновиве за една работа и веќе практично тој закон делува, веќе функционира со разрешување и слични работи.

Трета работа, зошто толку да ги заоструваме па дури како што рече еден од пратениците од ова да зависат меѓунационалните односи во подигнување на една таква висина. Па никој не го елиминира јазикот на националноста, ве молам, а зашто сега да не поставиме една контра-теза, зошто македонскиот службен јазик да биде исфрлен од училиштето зошто? Ако евиденцијата не се води, ако таа комуникација секојдневна, што значи дневна подготовка, контрола, подготовка, за час, се тоа што

значи внесување во дневникот се води само на јазикот на националноста тогаш дали ние тоа исто така не е прекршување на уставот, понижување потценување па дури и на државноста на оваа држава. Според тоа, мислам дека можеше така да се дискутира и реагира ако со предлогот на закон се бара евиденцијата и документацијата да се води само на службениот македонски јазик и кирилското писмо. Не е тоа случај. Зошто сега да ни смета една рамноправна употреба. Ваму викаме рамноправно,нели? Викаме рамноправност на сите граѓани вклучувајќи ги и вработените во сферата на образованието и дали е сето ова рамноправност, ако еден може да запишува час онака како што може да му биде по волја и тоа да не може да го контролира никој.

Следна работа, Уставниот суд не импровизирал, неполитизирал толку претресно го проучувал образованието и ние што сме работеле во образование мораме за тоа да му оддадеме должно признание затоа што не може педагошка документација да се издаде врз база на водење на педагошка евиденција на еден поинаков начин. Невозможно е тоа господа.

И уште еден аргумент зборуваме за квалитетно познавање и владеење со службениот јазик во државата. Дали ова не е еден начин на гетоизирање, на издвојување, на едно затварање, од следни причини. Професор или наставник од националноста ако не е класен раководител, повторувам, слушајте ме добро, ако не е класен раководител да издава завршни документи може да се случи во целиот свој работен век како наставник или професор воопшто да не го употреби македонскиот јазик и кирилското писмо. Ќе: води евиденција само на јазикот на националноста, ќе заведува така часови, не е класен раководител, ќе дава глобални планови, ќе доставува распределенија, ќе контактира со записници се на јазикот на националноста што практично се оддалечува од она што значи познавање на службениот јазик што е императив и за

инкорпорирање и за вклучување во овој систем образовен кој' што е, кој што образовно е интегративен и целосен.

Според тоа мислам дека оваа измена не треба воопшто да се сфати како разгорување на страсти, не прифаќам исто така дека однапред некој тука си зема слобода во името на граѓани да толкува дека тој закон и да се донесе нема да биде применуван, сметам дека ако ние како најкомпетентни субјекти што донесуваме закони, ако ние овде априори викаме џабе ги донесуваме законите затоа што долу нема да ги спроведуваме, тогаш зошто сме тука ние. Што е нашата задача овде. Дали нашата задача е да ветуваме нешто, да работиме некои работи, а тука да доаѓаме и практично да се однесуваме ноншалантно, несериозно, неодговорно би рекол и практично самите да се понижуваме и потценуваме. Не мене господо лично, никој нема тука намера што се пишуваше вакква или онаква. Меѓутоа, ние мора да водиме сметка дека законите треба да ги донесуваме со желба со сакање и се разбира со знаење да што помалку бидат оспорувани од повисоки истанци, а тоа е Уставниот суд на РМ.

Затоа сметам дека овој предлог на закон треба да биде усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(господинот Зекир Кадриу од место се јавува за реплика, а на тоа претседателот вели:)

Не ве спомна, г-дин Кадриу. Друго е алузија, Деловникот вели доколку бидете лично спомнат.

Има збор г-динот Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господо, јас не би сакал да се вклучам во дискусија или расправа во врска со овие два закони што ги предложил г-динот пратеник, не знам како му беше име, од Тетово, но бидејќи ова последното излагање на истиот господин некако ме тера да прецизирам некои работи кои се многу важни за оваа држава.

Господа, изгледа оваа држава нема многу други работи, било од стопанство, било некои други проблеми од надворешен план, но дежурна тема на овој Парламент и на Владата изгледа е само албанското прашање, употребата на албанскиот јазик и тн. Господа, се работи за едно сериозно прашање, се работи за стабилноста на државата, за мирот на оваа држава и јас не знам по која правна логика може да се оправдува ставот на г-дионот претходен дискутант, кој бара во едно училиште каде се изведува настава на албански јазик педагошката евиденција, дневната припрема за наставник и сите тие работи по ред да се запишуваат на два јазика. Изгледа кај вас постои една оптовареност во врска со култивање на македонскиот јазик . Ние не патиме од вакви болести, да знаете. За нас воопшто не е некоја пречка кога гледам дека е потребно да се послужиме и со кирилско писмо. Но, да ве потсетам на една работа Македонија како држава вие треба да знаете дека 50% на граѓаните на оваа држава се служат со некирилско писмо. До колку не

верувате во ова, јас ќе ви кажам неколку факти. Албанското население, влашкото население, ромското население и многу други граѓани во оваа држава.

Вие секогаш се повикувате на Уставот. Тоа е ваше право. Јас лично како пратеник на овој законодавен дом пред вас ќе се изјаснам: не постои никоја сила, било уставна, било друга сила која може да ми го негира правото на мојот мајчин јазик. Со оваа формулација треба Да се согласите, господа. Треба да се согласите , не барајте нешто од другите... (пратеникот зборува со повишен тон).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Полека, ве молам.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Не барајте нешто од другите да направат што вие не можете да го направите. Дајте малку освестете се. Секогаш се преставувате како интелигенција, како интелектуалци. До каде ние ќе трпиме вакви навреди во култура, во јазикот, во образованието и тн. Треба да знаете една работа: Албанското население е битен фактор за зачувување на мирот на оваа држава. Можеби денес за вас е тешко ова, ви доаѓа тешко оваа формулација, но во иднина ова ќе ве чини многу.

(гласна реакција на некои пратеници во Парламентот)

Не викајте "ааа", тука нема "ааа"

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, господине Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас не барав од вас, ние како албанци во оваа држава ни- когаш не инсистиравме...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шакири, ве молам, се извинувам што ве прекинувам, разговараме за законот (пратеникот Хисни Шакири вели "за законот, за

законот!) за основно образование, г-динот Стојановски што го предложи. Оставете ги пратениците, ве молам. (некој од пратениците гласно реагира.)

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Како овој дом дозволи паралелно да се уврстат во дневниот ред два закони со иста содржина. Ова е чисто изигрување со овој дом. Вие изигрувате, а камо ли ние за нашите права да не го кажеме она што ни е одговорност пред нашите избирачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не го знаете Деловникот г-дине Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Ве молам, за овие работи сакаме до крај да се расчистиме. Или сакате заедничка држава со албанците, вака со рамноправен статус на албанците (претседателот Тито Петковски вели "оставете ја заедничката држава, ве молам") или , доколку не сакате , тогаш изјаснете се вие пред овој дом и пред јавноста дека не сте за заедничка држава. Неможе тој што работи во Тетово или Куманово албанец наставник да го заведе часот таму на албански јазик. Тој господин толку е слеп пред некои факти (претседателот во исто време вели: "Немојте да навредувате, ве молам") кои се поврзани за интересот на оваа држава, прави разно- разни шпекулации и тука испаѓа како да го брани оваа држава, како да го штити уставниот поредок.

Господо, и Уставниот суд пред некое време донел одлука, вие сите знаете, за некои работи, особено кога се однесува за регистарските таблици на возилата. Што направи Владата во врска со одлуката на Уставниот суд за овој проблем? Уставниот суд изгледа излегол како една обична комисија, наместо да се занимава со многу други крупни работи кои се во интерес на оваа држава, се занимава со албанското прашање.(претседателот во исто време вели:"ве молам, г-дине Шакири, почитувајте го Деловникот за работа"). Тој за мене не е Уставен суд.

IV/4

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувајте го Деловникот ве молам, па сами го донесовме Деловникот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Што да го почитувам? се работи за едно многу чувствително прашање за албанците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па дај говорете за прашањето, немојте да навредувате и пратеници и Уставен суд и се живо во оваа држава. Ве молам, за законот разговараме , вие говорите за законот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Уставниот суд како државна институција го почитував а луѓето кои работат таму воопшто не ги почитувам, бидејќи работат тенденциозно. Наместо да се занимаваат со проблемите со кои се сочува Македонија денес. Како го решил проблемот во врска со К-15? Тоа беше интерес на работниците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, не е на дневен ред ниту Уставниот суд ниту К-15. На дневен ред е законот на г-динот Стојановски, за него говорите. Кога ќе дојде на дневен ред таа точка за таа ќе разговараме.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

На крајот би сакал да завршам. Уште еднаш да упатам една колегијална, можеби и другарска критика, па и како апел до вас:

Господа, водете сметка, не се занимавајте со ситни работи. Државите со традиција никогаш не дозволуваат да се занимаваат со вакви работи. Еве, мене ми е шеста година што сум во овој Парламент, овој законодавен дом повеќе се занимавал со овие прашања, со статусот на албанскиот јазик, со проблемите околу образование на албански јазик. Вие,албанците уште еднаш повторувам сакате да ги држите како заложници во оваа држава, но треба да знаете дека и албанците имаа

дел од оваа држава и придонеле за осамостојувањето на оваа држава, од втората светска војна, тоа треба да знаете барем мислам дека имате некои историчари. И Македонија како држава не може да опстанува без албанците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете ги тие теми, ве молам, господине Шакири, аман.

Има збор г-динот Руфи Османи.

Ве молам, почитувајте го Деловникот за работа на Собранието

**САЛИ РАМАДАНИ**: (од место)

И вие исто така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И јас истото го правам, точката е на дневен ред и за точката да разговараме, не можеме да расправаме за целата историја сега.

**ХИСНИ ШАКИРИ: (**од место:

Историјата е многу битна за еден народ. Без историја не може ниеден народ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Седнете си таму.

Господине Османи имате збор.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Благодарам.

Почитувани присутни, јас не случајно се обраќам со почитувани присутни. Ќе дозволите една дискреција, бидејќи во овој дом - ова нека биде едно укажување на сите пратеници не седат само пратеници и министри, туку седат и други луѓе, седат новинари, седат работници на Собранието и тн. Со оваа синтагма јас се обраќам до сите тие што седат тука, па мислам дека како синтагма е прифатлива и за другите.

Вака кратко: проблематичен закон од проблематичен пратеник. Без навреда. Неколку тези само ќе контра аргументирам. Изгледа по образлагањето на г-динот Стојановски ќе треба овој дом да стави службена обврска за албанците, особено и во приватноста да зборуваат на албански и на македонски, па ако треба и да сонуваат на двата јазика, албански и македонски. Не знам, со таа паралела до каде ќе стигнеме.

Мислам дека таквите тези се тези кои многу мирисаат на едно темно и минато време и со таквите тези еднаш за секогаш да расчистиме, секој нека ги чува своите фрустрации дома. Што би било спротивното за него? Тој како службена обврска сега да го земе и албанскиот јазик, па после нека прави една елементарна компарација што сето тоа ќе значи за него и за сите други да кажеме кои го користат неговиот јазик. Тоа е под еден.

Под два, треба да се сфати дека ова за што се залага г-динот Стојановски ќе значи дефакто и дејуре двојна обврска исклучиво само за наставниците немакедонци, а тоа значи сите тие работи кои тој ги спомнуваше, од дневна подготовка, евиденција, записници и тн. , значи двојна документација, па нека повели тој нека ги прашува македонците наставници па нека му одговорат дали тогаш ќе му биде доста тоа време што тие го имаат, или пак ќе бидат должни да обезбедуваат уште еден преведувач, значи секој наставник, па сите тие документи ги хармонизира во согласност со прописите. А сето тоа и чини , и сето тоа значи и губење време и она што е битно, сето тоа никој нема да му го прифати и да му плати како труд, како надоместок. За тоа г-дин Стојановски воопшто не води грижа, ниту смета на тој елемент. Тоа беше под два.

Под три, дајте ако сакаме да бидеме толку службени во интерпретација на овие работи, па да го примениме член 7 став 2 од Уставот на РМ , па оваа обврска да ја воведеме, особено во општините

со мнозинство население немакедонци, да важи и за македонците. Па нека воведат исто и тие евиденција паралелно и на македонски и на албански и на некој друг јазик, па дури тогаш да видиме што значи сето тоа во праксата. Бидејќи секој пат изгледа во овој дом, па воопшто во Македонија, и како начело изгледа и за Уставниот суд е само член 7, став 1 од Уставот. Ставот 2 и 3 изгледа воопшто нема никакво правно значење. Дајте размислите малку и во таа смисла, па ќе видиме резултатите какви ќе ви бидат.

Под четири, јас морам да го кажам моето длабоко несогласување, особено со фактот како актуелната власт, па и како г-динот кој е предлагач на овој закон, како вешто и манипулантски секој пат сферата на меѓунационалните односи ја дискутира преку периферни, преку треторазредни, четвороразредни и петоразредни прашања. Педагошката евиденција е едно елементарно право, која воопшто не може да ги дијагностифицира и да даде еден адекватен суд за нивото на меѓунационалните односи во нашата држава. Па што ќе стане, ве молам, со нас кога ние сега ќе расправаме, сигурно после некое време за законот за високото образование. Значи, кога овде нема консензус да се води педагошка евиденција на јазикот на кој се изведува наставата, тогаш јас земам за право да се чудам дали можам да очекувам или мојот народ да очекува овој дом да го легализира универзитетот во Тетово или да го даде правото за високо образование на албански јазик. Тоа сигурно нема да биде ,за жал, мора да се констатира.

Значи, сакам да завршам, образложението што го даде г-динот Кадриу во оваа смисла, беше образложение кое потекнуваше од неговото работно искуство, додека ова што го предлага г-динот Стојановски во никој случај не може да биде прифатливо, јас сум длабоко убеден и од контактите што сум ги имал со наставниците албанци, додека цело време тие опстојуваа на нивното евидентирање на евиденцијата исклучиво на албански јазик и тие ќе опстојуваат на тоа,

независно што оваа држава до сега ги казнуваше и сигурно ќе продолжи да ги казнува, ако се усвои ова да кажеме што се предлага и не знам јас до каде ние ќе стигнеме. А сигурно ние со ваквата политика само репродуцираме фрустрации проблеми и недоразбирањата, бидете убедени, секој пат еволутивно, но ќе растат. И каде сето тоа ќе не доведе. Пред се и над се треба да мислат тие што предлагаат вакви закони и актуелната власт, која во некоја си друга форма ги поддржува ваквите предлагачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа пратеници јас ништо немав ниту со господинот што е предлагач на овие закони, меѓутоа, без разлика како сум бил сфатен јас во една форма инсистирав да докажам и тоа дека предлагачот некои работи или не ги сваќа како што треба или од неговото долго искуство, колку што знам беше едно време директор на средно училиште во Тетово и во неговата практика не знам како го спроведувал тој закон, кога и порано беше во поинаква форма од колку што предлага денес. Сега јас не знам, јас во своето излагање ниту се заканив ниту реков дека ова вака ќе биде или онака. Реков дека во практиката од 1990 до 1994 година тој закон, иако беше во сила, тој не се спроведуваше. Значи, некој закон што не се спроведува, дали тој закон ние треба пак во практиката да го имплицираме.

И една друга работа. Ние треба да бидеме конкретно дека предлагачот тука по мое мислење , колку што можам јас да го сфатам или не знае што е педагошка евиденција, и педагошка документација или и едното и другото ги релативизира во едно поле, во едно ниво. Јас мислам дека наставникот албанец, ако треба да запише еден записник што треба да биде во дневникот како евиденција, дали тој записник истовремено треба да се запишува и на македонски јазик, па истата

содржина да се запишува и на албански и што има придонес од тоа. Или, ако на пример името на еден ученик треба да се запише на еден јазик, сега пак и на другиот јазик, па што би било тоа. Дали ова е нормално, датата на пример да се запише прво горе, па после долу, значи двојазично. Тоа што не оди не оди. Ние бевме толерантни во законот што се донесе токму за оваа работа во септември месец и во некои форми ние сме биле толерантни до таа мера што документацијата што е од трајна вредност, на пример, главната книга, свидетелствата и тие работи, јас мислам дека тие се водат и ден денес двојазично. Значи, што треба ние уште плус тоа да наметнеме и други работи, значи да му ја дуплираме работата на другите наставници немакедонци да направат една дупла работа. Дали тоа е еднакво , да направиш една работа за една цел па една друга работа за друга цел. Мислам дека тука многу логично е, предлагачот треба да знае дека таа форма, јас сум убеден дека и ако како таква се донесе тука во овој дом, нема да биде спроведена во практика, бидејќи навистина е нелогично. Ако мислите дека е вред, добро тогаш ќе правиме така, меѓутоа сосема е непрактично и во практиката нема да биде спроведено. Тоа сакав да кажам.

V/1.- СП/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Стојановски, како предлагач

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е лесно да се биде предлагач, имам разбирање за министрите кога предлагаат закони.

Прво, морам професионално да одговорам, во училиштето во кое бев директор се спроведувале законите комплетно затоа што тоа е прва задача на раководниот орган, бидејќи тоа се установи не е тоа приватност, како што рече некој, не е тоа мојот приватен македонски јазик, како што некој се обрати, тоа е службениот јазик на оваа држава. Има разлика. Приватноста е едно, државата е друго.

Втора работа, морам да ја отфрлам за мое непознавање што е тоа евиденција што документација, бидејќи точно ќе ви прочитам што стои:

"Според Законот во педагошка евиденција спаѓаат Дневни- кот за работа на Основното училиште,Одделениот дневник, записници од одржани испити и други планирање на наставникот. Дневникот за работа на училиштето опфаќа: активност на училиштето во текот на учебната година, како што е почетокот на училиштето, активностите во текот на учебната година, завршетокот на училиштето, училишниот распуст, патрониот празник, екскурзии на ученици, ден на просветни работници, воншколски активности и натпревари, соработка со други училишта, наградување на училишта и други слични дејности.

V/2.-

Одделенскиот дневник опфаќа податоци за името и презимето на ученикот и родителот, предметите што се исчуваат во училиштето, евидентирање на присутноста и отсутноста, оценување на ученикот, содржината на часот, односно што се предава на часот.

Записникот од одржаниот испит содржи податоци за името и презимето на ученикот, предметот што го полага, прашањето, одговорот, оценката, како и составот на Комисијата што го води испитот.

На крајот другите планирања на наставникот опфаќаат дневник што задолжително треба да го води наставникот во секојдневното планирање на наставниот час.

Спрема тоа, многу активности.

Она што се однесува до наградувањето да ги потсетам колегите пратеници дека и во образованието е предвидена четириесет часовна работна недела, а фондот на часови е 20. Спрема тоа, законодавецот бил свесен дека треба да даде уште толку фонд на часови за да можат сите овие активности да се реализираат. Спрема тоа, и оние инсинуации, морам да ги наречам, дека некој има нешто против албанскиот јазик, никаде во Законот не стојат, јас секаде употребувам формулација националности и

второ, никаде во Законот не предвидувам албанскиот или било мој друг јазик од националностите биде елиминиран од процесот на образованието. Состојбите се многу јасни и не треба да ги мешаме работите.

Она што се однесува кога некој би требало да го употребува и другиот јазик, сметам дека тоа е расправа за некоја друга прилика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Даневски

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Денеска сме сведоци на една расправија и сигурно ги почитувам претенциите македонци од албанско потекло во барање на своите права по пат и по сила на аргументи. Но, не смее да се дозволи од оваа говорница да се навредува Уставот од пратеници кои не го признаваат Уставот и кои не гласа за Уставот, најмалку Уставниот суд.

Друго, што се случува со овој предлог на г-динот Стојановски и со предлогот на Владата. Се прави еден компромис и мислам дека компромисот ги раѓа овие конфликти. Дежурен виновник е Владата, бидејќи прави компромисно решение. Компромисот е штета на македонците и на македонскиот народ. Од оваа говорница никој не смее и не може да прати на македонците и на македонскиот народ "ќе видиме". Нема што да видиме. Низ векови македонскиот народ опстојувал, а не може да се плаши македонскиот народ од државјани кои живеат во Македонија, ни најмалку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Даневски, разговараме за Законот на г-динот Стојановски.

Има збор г-динот Османи.

Ве молам г-дине Даневски седнете си на место.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само накратко за една теза на г-динот Стојановски од аспект на 40-часовно работно време што наводно наставниците го имале, сигурно

го имаат, па сега него го прашувам што мислите вие г-дине Стојановски дали треба наставниците албанци да ги оспособуваат учениците за содржините на предметите кои треба да им ги предаваат или да се претворат во преведувачи и тие 20 дополнителни часови само д аги користат за преведување на сите тие содржини кои ги наведовте во документацијата, или ќе треба нивниот работен фонд на часови да го зголемиме за уште 10 часа или да им обезбедиме уште еден преведувач, па државата нека повели нека го плаќа тој преведувач. Што во случајот е суштината? Суштината ќе ја почитуваме или формата? Дајте размислете малку во оваа насока. Тоа е што се однесува до вас.

Инаку, што се однесува до г-динот што беше пред мене како ќе биде г-дине ако јас од оваа говорница ви се упатувам со следните реченици, со следната формулација. Го поздравувам г-динот кој е државјанин на Македонија од славјанско потекло.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сакам да ве предупредам немојте да ме доведувате во состојба да ви го одземам зборот доколку не го почитувате Деловникот.

Процедурално г-динот Шакири

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господа ние сме пратеници - албанци во Парламентот на Република Македонија. Не сме македонски пратеници со албанско потекло. Уште еднаш те упатувам да ја прочиташ историјата. Овде не одат работите со сила. Ние сме со чист образ. Ќе бидеме доследни до крај да ја штитиме нашата култура, нашиот јазик и се што е наша традиција. Ништо немаме против вас, а вие треба да се срамите, барате

да се стави лимит на употреба на албанскиот јазик, вие треба да се срамите за оваа работа, што секогаш инсистирате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да ја напуштите говорницата.

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Молам, сите пратеници да влезат во салата за да имаме можност да одлучуваме.

Имаме кворум. (62 пратеника)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за основното образование.

Кој е за молам да крене рака? (17)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Преминуваме на **7-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување за закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на Законот поднесен од пратеникот Томислав Стојановски, Извештајот на Комисијата за образование и наука и Мислењето на Владата на РМ ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор ?

Има збор г-динот Стојановски.

V/6.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Законот го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Преминуваме на **8-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.

Молам министерот Тодорова да биде повикана.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Туда

**РАМИ ТУДА:**

По 8 месеци повторно расправаме за Законот за основното образование. Јас не знам која е причината, кои се фактите што се обраќаме по 8 месеци на тој Закон кој се применуваше во пракса и од самите образложенија не видовме дека во практиката нешто не одеше, па мораше да се вратиме на тој закон и да изменуваме некои членови и параграфи на тој Закон.

Ме чуди фактот што имаме закони кои сега уште не се пред оваа парламентарна процедура како што е на пример Законот за високо образование, а и други закони кои се многу побитни, поактуелни и што треба да се стават овде пред овој Парламент во процедура.

Ми се чини дека понекогаш како да сакаме да правиме извесна игра со законите кои ги донесуваме и пак се враќаме повторно да расправаме по истите закони. Оваа тенденција ми се чини создава

дилеми, создава конфузии, создава контрадикции кои доведуваат до тоа како што се случајот денеска пред овој Парламент.

Јас некогаш не можам да сфатам една работа што кога се работи за закони и за правата на албанците и правата на националностите органите на државата како да прават натпревар кој повеќе ќе ги обесправува албанците и другите националности. Сето тоа има по мое мислеше корени во тоа што ние уште не можеме да се ослободиме од стариот менталитет на мунизмот и дека под друга форма, а со иста содржина ние продолжуваме и понатаму.

И, денеска кога расправаме за еден оваков закон, навистина, јас се сеќавам на дискусиите на Парламентот на бившата Југославија т.е. 1981 година, навистина на овој начин почнале дискусиите во Парламентот и тој Парламент доведе до тоа до што доведе. И, на крајот на краиштата, јас не знам, овие органи на државата, по мое мислење некогаш како да се договараат на кој начин да постапуваат и наместо да ја сочуваат својата независност, на крајот на краиштата и Уставниот суд, мене ми се чини и Уставниот суд како да се договара со Владата и на тој начин донесуваат односно сакаат да донесуваат такви закони што, честопати, овој Парламент ги прифаќа како такви без да прави измени.

По предлогот на Владата на РМ во редовна постапка и во итна постапка овој Парламент досега донесе низа закони. Евидентно е дека ние пратениците, односно нашиот Парламента во текот на распавата бил послушен, бил дисциплиниран до максимум. Во овој правец предлог законите од предлагачот, односно од Владата се усвоени од Парламентот онака како што бараше Владата, што значи пратениците

не требаше да се преокупираат за ништо поради тоа што за Собранието имаше кој да размислува.

Во текот на минатата година и во текот на оваа година се донесени закони од општ и посебен интерес. Но, за жал донесени се и низа закони рестриктивни, дискриминаторски и недомократски, со кои се загрозуваат правата, пред с§ на албанскиот народ и на другите национални малцинства. Ќе спомнам само некои закони што нанесуваат штета и ги суспендираат правата на албанците во РМ, како што се на пример: Законот за кој што расправаме сега, за основно образование и така како што беше, без да навлегувам во она за кое што сега ние расправаме. Значи, тука има низа членови и параграфи каде што албанците и националностите се обесправени. Потоа, Законот за средно образование, Законот за личната карта, Законот за личното име, Законот за матичната евиденција, Законот за локална самоуправа, Законот на Македонската академија на науките и уметностите, Законот за научна и уметничка дејност, Законот за апелациони судови итн.и тн.

Во овие и во други закони преку безброј членови, алинеи, на мета се ставени правата на албанците, нивниот јазик и правата на националните малцинства. Албанопобите не се задоволни дури и со сегашната дискриминација на албанскиот народ, на албанскиот јазик и писмо, така што по секоја цена се настојува службениот јазик да го наметнат таму каде нема потреба како што е случај со настојувањето педагошката евиденција и документација се преведува и на државниот јазик.

Ова рестрикција го омаловажува, го обесправува албанскиот јазик и јазиците на националните малцинства. Со тоа ги провоцира немакедонците во Република Македонија, со тоа се принудуваат наставниците албанци и другите во Република Македонија да прават, би

рекол, сизивска работа, а со тоа што кај тие наставници ќе се создава незадоволство, револт и непослушност.

Педагошката евиденција и документација и во времето на монизмот, т.е во времето на едноумието се водеше на јазикот на кој се изведуваше наставата, а сега во времето на плурализмот и така наречената демократија по секоја цена се бара да се товарат наставниците албанци и другите.

Ваквите предлози за донесување на закон за основно образование се случува во моментот кога Владата потпишува Спогодба со остатокот на бивша Југославија, а само предлог да се доенесуваат законите донесени пред 8 месеци даваат можност да се сомневаме во намерата на предлагачот да работи, што значи се има тенденција да се работи со туѓи проекти и сценарија по бивша Југославија. И, со тоа се сака на некој начин да се експериментира во образованието на албанците и после тие експерименти, значи и во минатото такво нешто, за жал во времето на монизмот, многу експерименти во областа на образованието и наставата се правени такви експерименти овде, па после се правени во Косово, во Црна Гора и Србија.

**РАМИ ТУДА:** (Продолжение)

Предлагачот треба да знае дека во ова бинационално општество, мултикултурно, мултијазично, мултикофесионално, затоа и законите треба да бидат адекватни на интересите на сите граѓани на Република Македонија, а не законот, сакам да потенцирам законот не треба да биде гроб за слободата и демократијата на некои граѓани во Македонија.

Законот не треба да биде цел за себе. Во врска со ова прашање, сакам да ја повторам премисата на Жан Жак Русо кој вели:

"Како архитектот кој пред да го почне темелот на една зграда отпрво набљудува, односно ја студира почвата за да се убеди дали таа може да го поднесе товарот на зградата, така и паметниот законодавец не го составува отпрво законот на апстрактен начин, туку најпрво треба да го студира дали народот, односно граѓанинот тоа нешто може да го поднесе."

Изгледа целта на предлагачот е преку оваа игра со закони да го сврти вниманието на граѓаните на Македонија кои секој ден се приближуваат на ивицата на економската егзистенција. Или пак, се сака да се создаде незадоволство кај Албанците и кај другите националности за создавање на национални тензии?

Со овој предлог на донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за основното и средно образование, сега расправаме за основното образование, не се решава проблемот. Напротив, проблемот се комплицира.

Изгледа дека оваа Влада е волја во нашите простори да бидат немири. А, донесување на недемократски закони во сегашниов случај, во областа на образованието е чиста провокација на наставниците Албанци и на националностите во Македонија.

VI/2.-

За жал, Владата преку инструментализираше на Парламентот перманентно донесува недемократски закони. Симптоматичен е и фактот што најголемата неправда често пати ја прават и органите повикани да ја сочуваат, односно да постапуваат праведно. Во овој случај, по мое мислење дури и Уставниот суд со својата постапка прави нешто што не оди во интерес на сите граѓани на Македонија. Така и со укинувањето на член 82, став 2 од Законот за основно образование и со укинување на член 83 став 2 од Законот за средното образование значи прави една неправда, а чудо е што органот кој е повикан да постапува праведно, често пати и законодавниот односно органот што треба да ја сочува правда, значи прави големи неправди. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Тодорова, министер за образование.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Би сакала да дадам само неколку укажувања во врска со предложениов закон од Владата за измена и дополнување на Законот за основно образование. Неколку факти.

Прво, односот на Владата а и на Парламентот по однос на низа прашања во сферата на образованието е изразен меѓу другото и со донесениот Закон за основно и за средно образование. Во рамките на донесениот закон, при крајот на минатата година стои и одредбата според која за учениците кои наставата ја следат на јазиците на националностите, педагошката евиденција се води и издава на македонски јазик со употреба на кириличното писмо и на јазикот и писмото на националностите. А, педагошката евиденција само на јазикот на кој се изведува наставата. Тоа е содржински елемент на Законот што

беше донесен.

Втор факт што треба да го имаме предвид, веќе е донесена Одлука на Уставниот суд. Беше спомнато и во досегашната расправа дека одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни и верувам дека сме сите на иста страна кога станува збор за почитување на донесените одлуки на Уставниот суд. Дури, тука не е можно ниту толкување ни оценка, уште помалку да гаиме илузија дека тие одлуки нема да ги применуваме.

Трето, што е сега актуелно, решение според законската регулатива. Ако се има во предвид донесената одлука на Уставниот суд. Според актуелната законска регулатива што е сега на сила имавме оваква ситуација, педагошката документација да се води двојазично, а педагошката евиденција ако се има во вид членот 81 став 1, се води само на македонски јазик и на кирилично писмо. Решение што, се разбира ниту е логично, ниту е прифатливо. Оттаму заклучокот дека е неопходно да се изврши измена и дополнување на Законот за основно образование. Тоа го прави Владата со понудениот предлог што ви е на дневен ред на денешнава расправа.

Решението го погледавте. Тоа е намерата прашањето околу начинот, формата на водењето на педагошката евиденција да се уреди со подзаконски акт. Впрочем, на подзаконски акти се упатува во многу членови од Законот што уредуваат исто така, јас би рекла, значајни прашања како што е прашањето и на педагошката евиденција.

Од што се појде притоа? Се појде од потребата да се направи разлика, разграничување, впрочем тоа е направено и со законот, помеѓу педагошката документација и педагошката евиденција. Неколку пати беше споменато кои се содржинските елементи на педагошката документација, посебно карактеристиката дека станува збор за документи од трајна вредност, за јавни исправи и дека е сосема оправдано кога наставата се изведува на јазиците на националностите,

таа документација се води двојазично. Но, во педагошката евиденција се вклучени елементи што значат службено административна поддршка, би рекла, на воспитно образование процес кој произлегува или е условен од одвивањето на овој процес. Меѓу другото тука е евидентирање на сите планирања, на се што значи подготовка на таа дејност. Затоа сметавме дека ова прашање може и треба да се уреди со подзаконски акт. Тоа го предлагаме и со текстот што е понуден за денешнава расправа.

Во таа смисла ве молам и да го поддржите предложениот закон од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Пратеничката група на Либералната партија не е подготвена да го поддржи не само овој законски предлог туку и тој што е на следната точка од дневниот ред и од тие причини ќе гласа воздржано поради следните причини и образложенија:

Прво, сметаме дека не е коректно што со предлагањето на ваков законски текст Владата предлага Собранието да донесе закон со кој му дава поголеми дискрециони овластувања на надлежниот министер на образование. На некој начин доаѓа до испреплетување на функциите на законодавната и извршната власт.

Исто така сметаме дека текстот на Законот содржински не е уедначен, и ако се обиде министерката тоа да го образложи дека не се работи за прашања што се со иста тежина, меѓутоа за нас не е во ред тоа што еден дел од таа проблематика, на пример документацијата, да се уредува со законски одредби, додека прашањето ан евиденцијата

да се остави како дискрециона надлежност на министерот.

Поставувам прашање, што ќе беше проблем доколку Владата, односно надлежното министерство, тоа што наумила да го пропише со посебен министерски пропис или акт.. да го вгради во вид на амандмани и да го предложеше во овој што е денес на расправа и на таков начин да го решевме проблемот?

Мислам дека пристапот со кој се води Владата не оди кон решавање на меѓунационалните проблеми. Напротив,води кон уште поголемо нивно заострување, затоа што, иако велат дека политиката е вештина на правење компромиси, мислам дека, доколку се доведеме во ситуација да правиме компромиси на штета или компромиси по секоја цена, тогаш ништо не сме направиле. Поаѓајќи пред се од фактот дека не би било добро да се прават и да очекуваме да се прават притисоци врз Уставниот суд, затоа што се знае неговата јасна позиција според Уставот на Република Македонија ако сакаме да имаме правна држава, ако сакаме да имаме независно судство. Тогаш треба да го почитуваме Уставот кој вели дека одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни. Исто така, не сакаме да веруваме и да очекуваме дека Уставниот суд треба да суди според политичката волја на парламентот, туку треба да суди според Уставот.

Од тие причини сметаме дека ваквиот гест на Владата не претставува ништо друго туку префрлање на политичката одговорност на Владата врз плеќите на надлежниот министер за образование.

Од тие причини доколку повторно се случи Уставниот суд на РМ да ги поништи подзаконските прописи односно прописи како се нарекуваат што ќе ги донесе надлежниот министер за политички одговорна за таа ситуација ќе ја сметаме Владата на Република Македонија, а не надлежниот министер во Владата на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ибраими.

Извинете г-дине Ибраими, господинот Маличи бара процедурално.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Имаме закажана средба со министрите во Владата од нашава партија, па во име на Пратеничката група барам пауза од 1 час.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само едно прецизирање, станува збор само во врска со овој закон или и за други прашања? Од практична причина дали можеме да одиме со претрес на законите за ратификација на спогодби?

Дали се согласувате додека траат вашите консултации ние да расправаме за другите точки за ратификација на спогодбите.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Пауза до 15,30 часот.

(Пауза од 14,30 часот до 15,30 часот).

(По паузата седницата не продолжи со работа).